Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 5/2002), а во врска со дел II Прокетни активности, точка 2 Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош бр. 29/2019 и 16/2020), а во врска со член 2 од Одлуката за објавување за доделување стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош бр. 09-6266/10 од 29.10.2020 (Службен гласник на Општина Карпош бр. 18/2020), Општина Карпош објавува оглас за стипендии за талентирани ученици

**ОГЛАС**

за доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош 2020/2021 година

1. **Услови за доделување стипендија**

- Да се жители на Општина Карпош (адреса на живеење)
- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во **VIII** или **IX** одделение во учебната 2020/2021 година во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош.

2. **Критериуми за доделување на стипендија**

- Спортистот е потребно да има постигнување на егзактни (индивидуални) спортски резултати добиени од националните спортски федерации за периодот од 01.01.2019 година до 31.01.2019 година и од 01.01.2020 до 31.03.2020 година и да се во согласност со калнедарот на натпревари на матичните национални федерации.

Бодувањето на апликациите ке се врши согласно следните критериуми за доделување на стипендии на талентирани спортисти:

-Државно првенство, освоено индивидуално **I** место ( **1 бод**),
-Државно првенство освоено индивидуално **II** место (**0,5 бода**),
-Награда за индивидуални постигнувања на државно првенство (**3 бода**),
-Балканско првенство од **I** до **II** место (**4 и 3 бода**) и
-Репрезентативец на Република Северна Македонија.

Останатите успеси и резултати кои не се во согласност со календарот на

натпревари од националните и меѓународни спортски федерации, нема да се земат предвид.

3. **Потребни документи**

**-**Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во **VIII** или **IX** одделение во учебната 2020/2021 година во општинско основно училиште од подрачјето на Општина Карпош,

- Копија од спортска легитимација од клубот во кој членува,
- Биографија на спортистот,
- Важечки документ (потврда) издадена од националнта федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 01.01.2019 година до 31.01.2019 година и од 01.01.2020 до 31.03.2020 година.
- **Изјава од родител/старател дека кандидатот (ученикот) не е примател на друга стипендија по било кој основ и на било која област заверена на нотар.**

4. **Висина на стипендијата и рангирање**

Висината на стипендијата ке изнесува **3.000,00 и 2.500,00** денари месечно за седум месеци во текот на учебната година.
Во зависност од приложените спортски успеси на талентирани ученици рангирањето и финансиската поддршка ке се додели како:

- За освоени до два ипол бода (**2.50**), висината на стипендијата изнесува **2.500,00** денари,
- За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува **3.000,00** денари.

5. **Начин на пријавување**

Документите се доставуваат во затворено плико во Архивата на Општина Карпош (барака2) или по пошта на ул. Радика бр. 9 – Скопје, со назнака ,,За доделување на Стипендии за талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020/2021 година.

6. **Рок за поднесување на документи**

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 20.11.2020 година.

Документите на кандидате кои не се комплетни и ненавремено достаевни нема да бидат разгледувани.

**Напомена:**Еден кандидат може да оствари право само на една стипендија. Кандидатите кои аплицирале – конкурирале за повеќе различни стипендии по објавени огалси (спорт, образование, култура и други) од Општина Карпош и ги исполнуваат условите за добивање на повеќе од една стипендија, ке добијат известување од службите во општината и врз основа на сопствен избор ке се определат за една од стипендиите.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**ОПШТИНА**

**КАРПОШ**

Стефан

Богоев

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*